**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Дополнителни услови за осигурување на потрошувачи од последици на несреќен случај

УС-нпт-ПОТ
20-12-мк

## член 1: општи одредби

[1] Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови се составен дел од договорот за осигурување на потрошувачи на електрична енергија, плин и слично (во понатамошниот текст: потрошувач) од последици на несреќен случај.

[2] Договарач на осигурувањето, според овие Дополнителни услови може да биде трговско друштво или друга организација која сака да ги осигура своите потрошувачи.

## член 2: осигурени лица

[1] За потрошувач се смета лицето кое е запишано во службената евиденција на договарачот на осигурувањето и ги исполнува останатите услови одредени од страна на договарачот.

[2] Лицата наведени во претходниот став од овој член се осигуруваат без оглед на нивната здравствена состојба, општа работоспособност и старост, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (1) точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4 став (3) од Општите услови, во секој случај се исклучени од осигурување.

[3] Осигурувањето може да се договори:

1) за потрошувачи на чие име гласи сметката;
2) за член на домаќинство кој се смета за лице кое живее со потрошувачот во заедничко домаќинство - без оглед на сродството и со него заеднички ги користат своите приходи.

[4] Доказ за осигурување е навремено платена сметка, односно потврда или дел од уплатницата ако сметката се плаќа во пошта или банка.

## член 3: траење на осигурувањето и покритието

[1] Осигурителното покритие на осигурувачот започнува во 24:00 часот оној ден кој на полисата е наведен како почеток на осигурувањето, и тоа за сите потрошувачи кои тој ден биле запишани во евиденцијата на договарачот, односно членови на нивните домаќинства. За секој нов потрошувач, покритието започнува во 24:00 часот оној ден кога бил запишан во евиденцијата на договарачот. Покритието за секој поединечен потрошувач престанува во 24:00 часот оној ден кога престанал да биде потрошувач во смисла на член 2, став (1) од овие Дополнителни услови.

## член 4: плаќање на премија

[1] Премијата се пресметува врз основа на вистинскиот број на осигурени потрошувачи во договорениот период.

[2] Ако е договорено месечно плаќање на премијата, премијата се пресметува врз основа на бројната состојба на потрошувачи на крајот на секој месец.

[3] Месечната премија за ова осигурување е неделива. Се плаќа цела месечна премија за секој потрошувач, без оглед на тоа кога во месецот започнало покритието за него.

(4) Договарачот мора да ја плаќа договорената премија на осигурувачот за сите осигуреници без исклучок и за целокупното времетраење на осигурувањето во рокот наведен во полисата.

[5] Обврската на осигурувачот за поединечен осигуреник постои и во случај кога договарачот не ја платил премијата во рокот наведен во полисата, ако незгодата настанала за времетраењето на осигурувањето според одредбите од членовите 6 и 16 од Општите услови.

[6] Договарачот е должен да му овозможи увид на осигурувачот во својата евиденцијата од која може да се утврди исправноста на пресметката и плаќањето на премијата.

## член 5: ограничување на опсегот на обврските на осигурувачот

[1] Ако осигуреникот во моментот на незгодата е постар од 75 години, осигурувачот исплаќа 50% од износот што инаку би морал да го плати.

## член 6: обврски на договарачот после осигурен случај

[1] Договарачот е должен да ги пријави на осигурувачот сите незгоди за кои важи покритието според овие Дополнителни услови.

[2] Договарачот е должен е да му ги понуди на осигурувачот сите потребни информации за појаснување на настанот и околностите кои се важни за утврдување на постоењето и висината на неговите обврски.

## Член 7: примена на општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)

За осигурувањата склучени согласно овие Дополнителни услови се применуваат и Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со Дополнителните услови.

## Член 8: важност на условите

Овие Дополнителни услови стапуваат во сила од денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.01.2021 година.